Врз основа на член 8 став 1 точка 1 од Законот за ревизија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10 … 26/16) Советот за унапредување и надзор на ревизијата Република Македонија на седницата одржана на 07.10.2016 година донесе:

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за работа на Советот за унапредување и надзор**
**на ревизијата на Република Македонија за 2017 година**

I. Годишната програма за работа на Советот за унапредување и надзор на ревизијата за 2017 година, се изработува врз основа на надлежностите на Советот за унапредување и надзор на ревизијата Република Македонија (во понатамошниот текст: Советот), наведени во Законот за ревизија.

II. Годишната програма за работа на Советот за 2017 година содржи стратешки активности, оперативни активности на Советот за извршување на законските работи и надлежности оперативни активности на Советот кон Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (во понатамошниот текст: Институтот), групирани на следниот начин:

А) Стратешки активности на Советот:

1. Активно следење на примената на легислативата од областа на ревизијата во Република Македонија;

   рок: континуирано

2. Воспоставување соработка со регулаторни органи, тела и институции од областа на ревизијата од други земји, преку потпишување меморандуми за соработка и организирање средби со нивни претставници;

   рок: континуирано

3. Размена на најдобри искуства и практики преку активна соработка со странските регулаторни органи, тела и институции од областа на ревизијата со цел јакнење и развој на внатрешните капацитети на Советот;

   рок: континуирано

4. Воспоставување соработка со домашни органи, тела и институции од областа на ревизијата преку потпишување меморандуми за соработка и зајакнување на соработката со оние со кои веќе се потпишани меморандуми за соработка преку размена на искуства, практики и информации со цел развој на домашната легислатива од областа на ревизијата;

рок: континуирано

5. Активно учество во програмите EU REPARIS на Светска Банка, IPA 2, Twining Light, Twining и Taiex на Европската Унија преку изработка и имплементација на стратешки програми и проекти со цел внесување на искуства и практики во областа на ревизијата од Европската Унија и регионот во Советот, како и со цел обука и стручно усовршување на вработените во Советот;

рок: континуирано

6. Зачленување во меѓународни организации на регулаторни органи, тела и институции од областа на ревизијата и активно учество на работилниците, семинарите и состаноците во областа на ревизијата;

рок: континуирано

7. Преземање активности за промовирање на новините во ревизорската професија кај друштвата за ревизија, овластените ревизори – трговци поединци и овластените ревизори;

рок: континуирано

8. Анализа на извештаите од извршените контроли на квалитет (поединечни, квартални и годишни), донесување заклучоци и предлагање конкретни активности во насока на унапредување на ревизорската професија во Република Македонија и подобрување на квалитетот на ревизорските услуги;

рок: континуирано

9. Анализа на европските искуства со цел следење на новините во ревизорската професија и нивна имплементација во Република Македонија;

рок: континуирано

10. Вршење други активности во согласност со закон.

Б) Оперативни активности на Советот за извршување на законските работи и надлежности:

1. Донесување Годишен извештај за работа на Советот за 2016 година;

рок: прв квартал

2. Усвојување на Годишната сметка на Советот за 2016 година;

рок: прв квартал

3. Следење на постапката за стекнување на звањето ревизор;

рок: континуирано

4. Следење на постапката за признавање квалификација за ревизор стекната во странство;

рок: континуирано

5. Спроведување постапки по барања од лицата (физички или правни) за издавање лиценца за овластен ревизор, лиценца за вршење работи на ревизија на овластен ревизор – трговец поединец или лиценца за вршење работи на ревизија на друштво за ревизија;

рок: континуирано

6. Следење на постапките за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори за промовирање на новините во ревизорската професијата и законската регулатива;

рок: континуирано

7. Изрекување мерки на друштвата за ревизија, овластените ревизори – трговци поединци и овластените ревизори во согласност со закон, поради сторени повреди и/или непочитување на законската и професионална регулатива во Република Македонија;

рок: континуирано

8. Проверка на извештаите за транспарентност на друштвата за ревизија и на овластените ревизори – трговци поединци;

рок: втор квартал

9. Вршење други активности согласно со закон.

рок: континуирано

В) Оперативни активности на Советот кон Институтот:

1. Разгледување и давање согласност на донесените акти согласно со закон;

рок: континуирано

2. Следење на примената на законската, подзаконската и професионалната регулатива од областа на ревизијата и давање насоки и предлози за нивно соодветно изменување и дополнување;

рок: континуирано

3. Вршење надзор согласно со закон;

рок: континуирано

4. Вршење други активности согласно со закон.

III. Годишната програма за работа на Советот за 2017 година влегува во сила со денот на нејзино донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од Владата на Република Македонија.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-669 / 8<br>26.10.2016 година<br>Скопје | ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>Соња Ѓелова - Стојанова |